# ПРИВРЗАНОСТ И МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ КАЈ ВОЗРАСНИТЕ ВО ИЗУЧУВАЊЕТО НА КЛИНИЧКИТЕ СЛУЧАИ И ПРИМЕНА НА ЕМДР ТЕРАПИЈА ВО ПРИВАТНАТА ПРАКСА

М-р Клиничи Психолог, ЕМДР терапевт,Тетјана Билокурова,

„GALAXY" – Клиничка психологија, www.galaxyclinic.mk

galaxyclinic@gmail.com

*Клучни зборови: приврзаност, ментално здравје, емоционален развој,ЕМДР терапија.*

Емоционалната поврзаност помеѓу детето и неговата мајка почнува да се развива уште од првите денови од раѓањето на детето и создава развоен амбиент во текот на целиот животен циклус. Сепак, првата чувствителна фаза се развива во мајчината утроба, каде што мајчиниот стрес се пренеси во фетус од кортизолот. Втората чувствителна фаза е во рацете на мајката каде што главната фигура на поврзаноста се изразува преку ниските фреквенции на нејзиниот глас и контактите со очи. Третата сетилна фаза е вкоренета во семејството и неговата култура.

Во денешните денови, се повеќе возрасни лица бараат психолошки третман. При изучување на случаи на индивидуален начин во приватната пракса, можеме да го констатираме појавувањето на еден заеднички феномен во сите случаи, кои се поврзува со тешкотии во текот на привrзаноста со мајката. Раните емоционални искуства може да имаат извонредно влијание во подоцнежниот развиток, како и во менталното здравје во возрасна доба. Исто така, запоставеност, насилство во семејството, употреба на супстанци, менталното здравје на родителите, растење со еден родител итн., се главни трауматски фактори кои можат да влијаат во менталното здравје појавен во возрасна доба.

За овој труд сме ги користеле податоците од индивидуалните анамнези на клиентите појавени со физичка присутност за психолошкитретманна приватен начин од 2020 година до 2023 година во Тетово, Северна Македонија. Примероците опфатени во овој труд се намерни и им припаѓаат на клиенти од над 21 годишна возраст, значи од возраст кога личноста е развиена. Методата што сме ја примениле за овој труд е дескриптивната метода.

Од податоците на индивидуалните анамнези на клиентите, можеме да констатираме од дека вкупно 170 клиенти од над 21-годишна возраст, 45% се појавени за тешкотии во семејните односи, додека 55% - за тешкотии во брачните односи.Од тие, 23,5% се соочиле со запоставеност во детинство; 16,5% имале семејно насилство; 31,8% растеле со еден родител; 23,5% имале тешкотии со менталното здравје на еден од родителите; 4,7% зависност од наркотични супстанци.

При изучување на случаите на индивидуален начин во приватната пракса, може да констатираме дека постои заеднички феномен во сите случаи кои се поврзува со тешкотиите при привrзаност со мајката или со НЕСИГУРНА ПРИВРЗАНОСТА.

Во текот на работата со пријавените клиенти е примената терапијата EMDR, која е потврдена дека е ефикасна во третирањето на разните врсти на трауми и препорачана од голем број на меѓународни практики за третман.

Овој труд може да претставува предизвик како за психотерапевтите така и за клиентите, при што ние како професионалци можеме да му дадеме шанса на една друга врста на развој после трауматска приврзаност исо терапевтскиот третман да постигнеме повторна сигирна приврзаност во возрасна доба.Исто така да ја потенцираме значајната улога на психолошкиот третман за да го ослободиме лицата од тага, заштитувајќи ги и подржувајќи ги тие.